Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
## за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јули 2010 година.

Број 07- 3199/1
14 јули 2010 година
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Ѓорге Иванов,с.р.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**
Трајко Вељаноски,с.р.

Дека преписот е верен на оригиналот тврди:

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

Вјекослав Анѓеловски

# ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

**Член 1**

Во Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ број 156/2009), членот 13 се брише.

**Член 2**

Во членот 18 бројот „13“ се брише.

**Член 3**

Во членот 22 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Средствата утврдени во Разделот 04010 - Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, Потпрограма 21 - Промоција на меѓуетнички односи, на ставката 463 - Трансфери до невладини организации, кои се наменети за финансирање на програмски активности на здруженија на граѓани и фондации со цел за промовирање на меѓуетнички односи, ќе се користат врз основа на Одлука на Владата на Република Македонија, на предлог на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор.“

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.